**Стручен испит за вршење на работите во постапката за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото се полага теоретски и практично.**

**Теоретскиот дел од испитот се полага електронски.**
Кандидатот добива избор од 50 прашања од базата на прашања, која се состои од околу 300 прашања поделени во пет области и тоа:
- Административно технички прашања,
- Технички прашања
- прашања поврзани со пополнување на согласност за регистрација на возила од категориите L, M, N и O
- прашања поврзани со пополнување на согласност за регистрација на трактори,
- прашања поврзани со пополнување на потврда за утврдени минимално технички карактеристики на мобилна машина

Секое прашање е со 5 (пет) понудени одговори, од кои:
- еден е точен и за негов избор кандидатот добива два поени,
- два се слични но неточни и за нивниот избор кандидатот не добива поени,
- еден е неточерн и за негов избор кандидатот добива еден негативен поен
- еден е многу неточен и за негов избор кандидатот добива два негативни поени.

**Теоретскиот дел од испитот се смета за положен доколку кандидатот освои најмалку 50% од максималниот број на поени (најмалку 50 поени)**

**Практичниот дел од испитот се полага на дадено возило од соодветната категорија за која кандидатот полага** (се симулира постапката за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилото и кандидатот притоа пополнува документи кои во реална постапка треба да бидат издадени на барателот).

Пријавите за полагање на стручниот испит можат да се поднесуваат најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на испитот, (согласно член 20 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото).

Во прилог кон пријавата, кандидатот е должен (согласно член 23-а од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото) да ги достави следните документи:
- заверен препис на нотар од дипломата за стручна подготовка,
- копија од лична карта и
- доказ за платени трошоци за полагање на испитот и тоа:

1. за полагање на испитот за една група на категории на возила согласно одредбите од членот 66 став (2) од Законот за возила.......4000 денари;
2. за секое дополнително полагање на испитот за група категории на возила износот од точка 1 се зголемува за ........1500 денари;
3. за секое повторно полагање на испитот, што не е положен согласно одредбите од членот 66 став (4) од Законот за возила ........2000 ден;
4. за проверка на обновено знаење согласно одредбите на членот 66 став (3) од Законот за возила ......2000 денари;
5. за полагање на испитот за мобилни машини ........2000 ден;